17-12-2025 2802 15 02.12.25



Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Александар Сапроновски како претседател и членовите Оливера Митевска и Наим Рамети, одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, поведена по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-030396/25-0005 од 30.04.2025 година на Царинарница Гевгелија, ЦИ Богородица, против Фари Велији од Никиштане, за сторен прекршок од член 263 став 4 в.в. став 1 точка 2 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и членовите 52, 54 и 55 од Законот за прекршоците, на ден 12.11.2025 година, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

Фари Енвер Велији од Никиштане Скопје, роден на 15.03.1980 година во Скопје, со живеалиште на ул.6 бр.16 Никиштане, Ѓорче Петров Скопје, со ЕМБГ 1503980450029, со патна исправа бр.N0498991 издадена на 10.05.2024 година од МВР-Скопје, државјанин на Република Северна Македонија.

## СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263 став 4 в.в. став 1 точка 2 од Царинскиот закон

Затоа што:
На ден 30.04.2025 година, во 19.00 часот на ЦИ Богородица, за влез во Р.С Македонија, за царинска контрола се пријавиило горенаведеното лице, како возач на празно возило, ТМВ, DAF со македонски регистарски ознаки SK0522BM, во сопственост на ДТТУ ТРИМИ Т и приколка со регистарски број SK5067BK, во сопственост на ДТТУ ТРИМИ Т.
На прашање на царинскиот службеник ,дали има да пријави нешто за царинска контрола не пријавил ништо. Возилото било селектирано за царинска контрола и пристапено било кон детален преглед на истото. При преглед на возилото, во пределот на задниот дел на внатрешноста на кабината, позади тапацирите на внатрешноста на кабината, веднаш до долниот и горниот кревет била пронајдена следната непријавена и сокриена стока: 12 штеки цигари MARLBORO GOLD (2400 парчиња цигари), 6 штеки WINSTON BLUE ( 1200 парчиња цигари) и 6 штеки цигари MARLBORO RED (1200 парчиња цигари).
Стоката била со вкупна вредност од 34.422,00 денари, со што постапил спротивно на член 46 од Царинскиот закон и се обидел да избегне плаќање на царина и други увозни давачки во вкупен износ од 54.678,62 денари. На прашање од каде му е набавена стоката, истиот изјави дека му била од Фри-Шоп.

Со гореопишаното дејствие пријавениот Фари Велији од Никиштане, сторил царински прекршок по член 263 став 4 в.в став 1 точка 2 од Царинскиот закон, поради кое од страна на Комисијата

МУ СЕ ИЗРЕКУВА

1. На Фари Велији од Никиштане, глоба во износ од 250 евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, односно 15.375,00 денари, пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителот е должен да ги плати во рок од 8 (осум) дена од правосилноста на решението, и тоа:

- глобата да ја плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0603/25, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а
- трошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0603/25, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршена уплата (обрасците ПП50) да ги достави во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на РСМ, ул.„Колекторска" б.б., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 129 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

2. Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок на сторителот на царински прекршок Фари Велији од Никиштане му изрече и задолжително предвидената посебна прекршочна мерка одземање на стоката предмет на сторениот прекршок и тоа: : 12 штеки цигари MARLBORO GOLD (2400 парчиња цигари), 6 штеки WINSTON BLUE ( 1200 парчиња цигари) и 6 штеки цигари MARLBORO RED (1200 парчиња цигари).

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со барање за поведување на прекршочна постапка бр. 28-030396/25-0005 од 30.04.2025 година на Царинарница Гевгелија, ЦИ Богородица, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија е поведена прекршочна постапка против Фари Велији од Никиштане, за сторен прекршок од член 263 став 4 в.в. став 1 точка 2 од Царинскиот закон.

Постапувајќи по истото, Комисијата за одлучување по царински прекршок согласно член 60 став 3 од Законот за прекршоците, со покана за писмено произнесување број 28-030396/25-0007 од 12.05.2025 година, писмено го извести сторителот за поднесеното барање и го поучи да се изјасни за фактите и доказите поднесени во врска со истото.

Сторителот не ја примил поканата за писмено произнесување на ден 15.05.2025 година, видно од вратено плико од пошта Волково, со напомена дека е иселен. Комисијата со допис се обрати до МВР за проверка на адреса на горенаведеното лице, од каде е добиен одговор бр.23.6.1.2, дека сторителот ја има пријавено истата адреса. Исто така, Комисијата ја објави поканата за писмено произнесување на веб страната на Царинска Управа од 06.10.2025 година до 14.10.2025 година, поради што согласно член 56 став 2 од Законот за прекршоците, се смета дека поканата за писменото произнесување е уредно доставена. Сторителот, иако уредно известен за поканата, не достави писмено произнесување до Комисијата.

Согласно горенаведеното, Комисијата утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и за донесување на одлука.

Комисијата ја спроведе доказната постапка и изврши увид во: Барање за поведување на прекршочна постапка бр.28-030396/25-0005 од 30.04.2025 година на Царинарница Гевгелија, ЦИ Богородица, записник за царински прекршок бр.28-030396/25-0001 од 30.04.2025 година, потврда за привремено задржани предмети бр.28-030396/25-0002 од 30.04.2025 година, записник за комисиски прием, премер и проценка на стоки бр.28-030396/25-0004 од 30.04.2025 година, записник за претрес на ТМВ бр.28-030396/25-0003 од 30.04.2025 година, покана за писмено произнесување број 28-030396/25-0007 од 12.05.2025 година, вратени плика од пошта Волково, одговор од МВР со бр.23.6.1.2, објава на веб страна од 06.10.2025 година, по што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 30.04.2025 година, во 19.00 часот на ЦИ Богородица, за влез во Р.С Македонија, за царинска контрола се пријавиило горенаведеното лице, како возач на празно возило, ТМВ, DAF со македонски регистарски ознаки SK0522BM, во сопственост на ДТТУ ТРИМИ Т и приколка со регистарски број SK5067BK, во сопственост на ДТТУ ТРИМИ Т.
На прашање на царинскиот службеник ,дали има да пријави нешто за царинска контрола не пријавил ништо. Возилото било селектирано за царинска контрола и пристапено било кон детален преглед на истото. При преглед на возилото, во пределот на задниот дел на внатрешноста на кабината, позади тапацирите на внатрешноста на кабината, веднаш до долниот и горниот кревет, била пронајдена следната непријавена и сокриена стока: 12 штеки цигари MARLBORO GOLD (2400 парчиња цигари), 6 штеки WINSTON BLUE ( 1200 парчиња цигари) и 6 штеки цигари MARLBORO RED (1200 парчиња цигари).
Стоката била со вкупна вредност од 34.422,00 денари, со што постапил спротивно на член 46 од Царинскиот закон и се обидел да избегне плаќање на царина и други увозни давачки во вкупен износ од 54.678,62 денари. На прашање од каде му е набавена стоката, истиот изјави дека му била од Фри-Шоп.
Со гореопишаното дејствие пријавениот Фари Велији од Никиштане, сторил царински прекршок по член 263 став 4 в.в став 1 точка 2 од Царинскиот закон

Согласно член 46 став 1 од Царинскиот закон странска стока може да се внесе на царинското подрачје преку царински гранични премини во времето кога тие се отворени за промет.

Согласно став 2 од истиот член царинските гранични премини преку кои се врши промет на патници или стока во согласност со царинските или другите прописи и нивната категоризација, ги определува Владата на Република Македонија на предлог на Министерот за финансии. За проектирање, градба и реконструкција на објекти на царинските гранични премини е потребна согласност од Министерот за финансии по претходно мислење од директорот на Царинската управа.

Согласно став 3 од истиот член прометот на стока која подлежи на фитосанитарна, ветеринарна или друга пропишана контрола, е дозволен само преку граничните премини кои во согласност со прописите од соодветната област се одредени за внесување и изнесување на таква стока.

Согласно член 46 став 4 од истиот закон во случај на вонредни околности, виша сила, нарушување на јавен ред и мир од поголем обем и загрозување на безбедноста на земјата Владата на Република Македонија може да одреди внесување или изнесување на стока или на одреден вид на стока само преку одредени гранични премини.

Согласно член 263 став 4 во врска со став 1 точка 2 од Царинскиот закон („Сл. Весник на РСМ" бр.110 од 19.05.2021 година), глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност, за прекршок од ставот (1) на овој член, ќе се изрече на одговорно лице во правното лице или на физичко лице, кога износот на избегнатите увозни давачки, други давачки и даноци е од 250 до 1.000 евра во денарска противвредност или кога вредноста на стоката е од 500 до 4.000 евра во денарска противвредност, ако внесе или изнесе или се обиде да внесе или изнесе преку царинскиот граничен премин скриена стока (член 46).

Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон стоката која е предмет на прекршок од членот 263 став (1) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 19) и 20) и членот 265 во врска со членот 263 став (1) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 19) и 20) на овој закон, се одзема.

Врз основа на вака утврдената правна и фактичка состојба, која произлегува од приложените писмени докази, Комисијата утврди дека сторителот Фари Велији од Никиштане, се обидел да внесе во царинското подрачје преку царинскиот граничен премин скриена стока, со што во дејствието на сторителот на царинскиот прекршок е содржано обележјето на прекршокот кој му се става на товар и за сторениот прекршок му изрече глоба предвидена со законот и сразмерна на висината на избегнатите царински и други давачки, како и задолжително предвидена прекршочна мерка одземање на стока предмет на сторениот царински прекршок.

При одмерување на висината на глобата, Комисијата имајќи ги во предвид одредбите од член 16 од Закон за прекршоци, ги ценеше начинот на сторување на прекршокот, степенот

на одговорност на сторителот за прекршокот, побудите од кои е сторен прекршокот и фактот дека сторителот веќе евидентира во прекршочната евиденција, како отежнителни околности, а па смета дека со вака изречената глоба ќе се постигне целта на изрекување на прекршочна санкција.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата го задолжи сторителот и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението. Со оглед да тужбата го одлага извршувањето на глобата примерок од истата да биде доставена до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на Република Северна Македонија–Царинарница Скопје на ул.„Колекторска" 6б, Скопје, во спротивно ќе се наплати согласно одредбите на Закон за даночна постапка.

Претседател на Комисија
Александар Сапроновски

Бр.28-030396/25-0013
Скопје, 12.11.2025 година
Прк.бр.0603/25

Доставено во оригинал до:
- сторител,
- архива,
- предмет

Доделено преку ЕДМС до:
- подносител

Изработил: Оливера Митевска